ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **24.2.2023** год. (петок) со почеток од 13:00 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**

со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија ОДЛУКА
4) Предлози за доделување на стипендиите „проф. д-р Васил Витанов“ на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
6) Извештај за работата на ДГМ во 2022 год.
7) Извештај за финансиска состојба
8) Годишен план за активности на ДГМ во 2023 год.
9) Разно
10) Повикано предавање: The benefits of InSAR in engineering – Stefano Ruben Presezzi (TRE ALTAMIRA s.r.l. Милано - Италија).

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи во сала за конференции на Градежниот факултет во Скопје, и со примена на видео-конференциска врска, преку алатката ZOOM, со користење на следните параметри:
https://gf-ukim-edu-mk.zoom.us/j/82658876766?pwd=ekZ6MHA1U2wrbWZ1a2xRNXJmU2RJZz09
**Meeting ID: 826 5887 6766**
**Passcode: DGM**

- Доколку сте спречени да земете учество во работата, Ве молиме својата согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

П. Игор

Во Скопје, 15.2.2023 год.

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

# ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА ДГМ ОДРЖАНО НА 18.2.2022 ГОД.

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, на **18.2.2022** год. во **13:00 ч.**, свика Годишно собрание со

## ДНЕВЕН РЕД

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Назначување на Почесен член на ДГМ
5) Предлози за доделување на Благодарници на ДГМ
6) Извештај за работата на ДГМ во 2021 год.
7) Извештај за финансиска состојба
8) Избор на претседател на Млади геотехнички инженери за период 2022-24 год.
9) Годишен план за активности на ДГМ во 2022 год.
10) Информација за предлог-Тарифникот за инженерски услуги
11) Разно
12) Повикано предавање: Проектирање на гео-био-инженерски мерки за косини – проф. д-р Слободан Б. Мицковски (Каледонски универзитет – Глазгов)

Поради пандемиските услови, Годишното собрание се одржа со користење на видео-конференциска врска, преку алатката ZOOM. Истото беше отворено од Претседателот на друштвото, вонр. проф. д-р Папиќ, кој им се заблагодари на присутните за вклучувањето.

По усвојувањето на точките од дневниот ред, се пристапи кон нивен претрес, имајќи предвид дека материјалите беа проследени до членовите на ДГМ.

1) Избор на работни тела на Собранието:

За работните тела на Собранието беа предложени и потврдени: работно претседателство – Јован Бр. Папиќ, д-р Драган Димитриевски и проф. д-р Милорад Јовановски; верификациона комисија – м-р Елена Ангелова и м-р Тони Китановски; верификувачи на записникот – вонр. проф. д-р Игор Пешевски и м-р Бојан Јаневски; додека записникот го водеше асс. м-р Бојан Сусинов.

2) Усвојување на Записник од претходната седница

Записникот од претходната седница беше усвоен едногласно.

3) Извештај на верификациона комисија

Комисијата извести дека се исполнети условите за полноправно одлучување на Собранието.

4) Назначување на почесен член на ДГМ: проф. д-р Решат Улусај (Турција)

Претседателот на ДГМ го претстави проф. д-р Улусај и неговиот придонес за ДГМ (учество на настани, соработка со членови, овозможување на средби со потесното раководство на ISRM, придонес кон развојот на геотехниката во Македонија), како и правните основи, по што Собранието го усвои предлогот за назначување на проф. д-р Улусај за Почесен член на ДГМ.

5) Предлози за доделување на Благодарници на ДГМ

Согласно Правилникот за доделување на признанија на ДГМ, беа дадени предлози за доделување на Благодарници за компании и лица кои во изминатиот период ја промовирале геотехниката и дале значаен придонес во нејзиниот развој и издигнување. Така, за доделување на

Благодарници, беа предложени компаниите и институциите: рудник Саса ДООЕЛ – Македонска Каменица (за поддржување на студенти на последипломски студии на смерот за геотехника), ГД Гранит АД, ДГ Бетон АД – Скопје, Геохидроконсалтинг – Скопје, Мидел – Куманово, БИМ – Св. Николе, ИМС Белград (за поддршка на научно-истражувачка работа), КОАОИ (за развој на Ценовник со удел на геотехника); а за физички лица: проф. д-р Јосиф Јосифовски, доц. д-р Златко Илијовски, асист. м-р Доне Николовски, м-р Бојан Јаневски (за изработка на Ценовник); Живко Гоцев (за долгогодишна поддршка на геотехниката во рударството).

Предлозите беа усвоени едногласно.

6) Извештај за работата на ДГМ во 2021 год.

Претседателот ги презентираше активностите на членовите на ДГМ во 2021 год., а меѓу позначајните се издвојуват:

- Јануари: учество на Нордиско-балтичка геотехничка конференција во е-формат на двајца млади членови на ДГМ (заради стекнување на искуства за потенцијални потреби за симпозиумот на ДГМ);
- Февруари-мај: анкета за проектот со GCU „Градење на капацитети во дигитално опкружување за еколошко градежништво - истражување во Македонија“ и споделени видео-материјали за основна дигитална едукација (CAD, GIS и BIM технологии за моделирање на улога на вегетација при стабилност на косини)
- Март: Генерално собрание на ИМИ; разгледување на понуди за е-организација на Петтиот симпозиум, но за кој се одлучи повторно да се одложи поради пандемијата;
- Април: гласање за потпретседател на ISSMGE за Европа – поддршка за проф. Лиес Лалуи од Швајцарија (член на Научен одбор на XVI DECGE 2018), кој освои мнозинство гласови;
- Мај: Четврти вебинар на Клубот на млади инженери „Трендови на проектирање во градежништвото“; Зачленување во Меѓународниот конзорциум за свлечишта (ICL), каде претставник е вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева, а заменик вонр. проф. д-р Пешевски, и обезбедена е достапност на печатена и електронска верзија на часописот LANDSLIDES;
- Јуни: Одржан Втор состанок на европски членки на ISRM; Дискусија со учесници во анкетата за истражувањето со GCU; Поднесен извештај до GCU со заклучоци од истражувањето; стапено во контакт со ISSMGE по однос на преводот на Лексиконот;
- Јули: Иницијална средба на учесници во проектот на ISSMGE – Time capsule, каде делегирани претставници се д-р Димитриевски и м-р Китановски; почеток на работа на Тарифникот: повеќемесечна континуирана посветеност; група студенти настапија на 25-ти ICAMES и освоија I награда (за најдобар проект) со дипломска работа од геотехника;
- Септември: Излагање на м-р Ангелова на Третото издание на вебинари за геологија и земјени науки во Лондон;
- Октомври: Покриени се школарини за студенти на I циклус на студии; забелешки за предлог-Закон за градење се поднесени до Одделението за геотехника при КОАОИ;
- Ноември: одржан Совет на ISRM – избран претседател за период 2023-27 (ДГМ ја поддржа проф. Ана-Марија Фереро, повикан предавач за Петти симпозиум);
- Декември: Резервирани места за претставници од ДГМ на курс ROCKSTAB; Почетокот на работа на научно-истражувачки проект поддржан од МОН, за кој е неопходна регионална соработка; средба со претседателот на Српското друштво за механика на почви и геотехничко инженерство, проф. д-р Мира Вукиќевиќ; предавање од проф. Улусај „Улогите на инженерската геологија и механиката на карпи во проценката на стабилноста на косини во карпи: преглед врз основа на постојни методи“ – присутни околу 130 лица.

7) Извештај за финансиската состојба

За финансиската реализација и годишната пресметка беше доставен материјал во електронска форма за состојбата на двете сметки на Друштвото. Главни столбови врз кои се потпира

финансиското работење се уплатите од спонзорите во вид на (котизации и) донации, а значајна помош се и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, покриени се расходи:

- Поситни трошоци за банкарски провизии;
- Уплата на школарини за студенти по геотехника;
- Годишни членарини за ISSMGE, Институт за стандардизација на РСМ, ISRM за 2022;
- Рефундација на двајца млади членови за учество на Нордиско-балтичка геотехничка конференција;
- Сметководство.

Претседателот ја презентираше истата детално и заклучи дека состојбата на сметката е поволна и овозможува покривање на проектираните трошоци до крајот на фискалната година.

8) Избор на претседател на Млади геотехнички инженери за период 2022-24 год.

За претседател на Одделението на млади геотехнички инженери, за мандатен период 2022-2024 год., беше номинирана колешката м-р Елена Ангелова. Предлогот беше едногласно усвоен.

9) Годишен план за активности на ДГМ за 2022 год.

Претседателот даде објаснување за настаните и активностите кои се предвидени за 2022 год:

- Организирање на предавање на проф. д-р Милорад Јовановски во меѓународни рамки како дел од семинар на софтверската куќа ROCSCIENCE;
- Подготовка на материјал за проектот „Временска капсула“ на ISSMGE;
- ДГМ ќе ја следи динамиката на работа на Законот за градење и Правилникот за класификација на градби, и ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите асоцијации, институции и друштва;
- После нивното изгласување, преку Стопанската комора на Македонија, ќе биде пласиран Правилник што ќе ја надополни законската регулатива и ќе ги појасни обврските содржани во Законот за градење и Правилникот за класификација на градби. За финализирање на подготовката ќе бидат формирани комисии;
- Преку Одделението за геотехника при КОАОИ, ДГМ останува вклучено во дополнување на Тарифникот на инженерски услуги;
- Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: обука за BIM во геотехника (како континуитет од истражувањето со GCU); иницирање на настан „Геотехнички денови“; одржување на обуки за Еврокод 7 (и негова стручна и административна имплементација) и др.;
- Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ;
- Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на состанок на Советот на ISSMGE (Сиднеј, 01.5. – избор на претседател на ISSMGE);
- Активности за успешна организација и одржување на Петтиот симпозиум во периодот 23-25.6.2022 год. – редовно одржување на седници на ИО и ОО;
- Превод на лексиконот на ISSMGE (постапка започната од страна на Одделението за млади геотехничари);
- Реакредитацијата на студиите по геотехника на Градежниот факултет;
- Поддршка при организацијата на регионалниот конгрес на студенти од геотехнолошки факултети GEOREKS;
- Толкување и имплементација на дел од наодите од анкетата за проектот „Временска капсула“;
- Продолжување на постапката за зачленување во Балканската геофизичка асоцијација;
- Во Лондон – претставување на апликација за домаќин на Меѓународен симпозиум за теренско набљудување во 2026 год.;

- Започнување на подготовки за организирање на Европска конференција за млади геотехничари EYGEC на која ДГМ ќе биде домаќин;
- Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари;
- Учество со свои трудови на симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во земјата и странство: 5th ReSyLAB – Ријека, март; 19-ти симпозиум на ДГКМ – Охрид, април; 7th IYGEC – Сиднеј, април; 20th ICSMGE – Сиднеј, мај; 5th IC ND SMGE – Никозија, јуни; 11th ISFMG – Лондон, септември; EUROCK 2022 – Хелсинки, септември; 28th EYGEC – Москва, септември; Симпозиум на ЗМКГБ – октомври, Струга; 12-ти GEO-EXPO на ДГ БиХ – Приједор, октомври...
- Избор на претседателство на ДГМ за период 2022-26 год.

10) Информација за предлог - Тарифникот за инженерски услуги

Претседателот ја презентираше методологијата за пресметка на трошоците на инженерски услуги за делот на геотехничките истражувања и испитувања, а кои се согласно категоризациите по сложеност на тлото и објекти според Еврокод 7. Цените се дефинирани за објекти од високоградба и линиска инфраструктура (сообраќајници, мостови, потпорни ѕидови итн.). Истата е доставена до Комисијата за изработка на Тарифникот и се очекува да биде прифатена.

11) Разно

Претседателот информираше дека согласно поднесените предлози до град Скопје, две улици се именувани според истакнати градежни инженери кои имаат релација со градот, а со цел да се подигне свеста за важноста на градежништвото и геотехниката: Миладин Пеќинар и Тара Шарик.

Во делот на затворањето на точките од Дневниот ред, Претседателот се заблагодари на фирмите кои пружаат поддршка на работата на ДГМ.

12) Предавање на проф. д-р Слободан Б. Мицковски: Проектирање на гео-био-инженерски мерки за косини

По најавата на Претседателот на ДГМ, проф. д-р Слободан Б. Мицковски одржа предавање на споменатата тема, по кое се разви плодна и корисна дискусија.

Во рамките на затворањето на Годишното собрание, Претседателот се заблагодари за бројното учество и дадената поддршка во работата на Собранието и на ДГМ.

Собранието беше затворено во 16:00 ч.

| Записничар, | Верификувачи на записник, |
|---|---|
| Асс. м-р Бојан Сусинов | Вонр. проф. д-р Игор Пешевски |
| | м-р Бојан Јаневски |

ДГМ MAG ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 6 и член 16 од Статутот на ДГМ, Собранието на ДГМ на седница одржана на ден 24.2.2023 год. донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈАТА „ПРОФ. Д-Р ВАСИЛ ВИТАНОВ“

1. Друштвото за геотехника на Македонија ја доделува стипендијата на успешни студенти од студиската програма по геотехника на Градежниот факултет – Скопје, именувана по првиот претседател на ДГМ, „проф. д-р Васил Витанов“.

2. Стипендијата се доделува од ДГМ, а со цел поддршка и мотивирање на најуспешните студенти запишани на прв и втор циклус студии на насоката Геотехничко инженерство при Градежниот факултет во Скопје.

Извршниот одбор ги разгледа кандидатите кои се запишани на студиските програми од прв и втор циклус и констатираше дека условите ги исполнуваат следните студенти.

- Дарко Мацевски (I циклус на студии, I година)
- Веселина Јованоска (I циклус на студии, II година)
- Деспина Војноска (I циклус на студии, II година)
- Ангела Наумческа (I циклус на студии, III година)
- Михаела Данилоска (I циклус на студии, III година)
- Марко Мараш (II циклус на студии, I година)

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија

Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 24.2.2023 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## ЗАСЛУЖЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Заслужен член** на проф. д-р Љубомир Танчев

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, како и трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните и истражувачките организации, развојните и проектанските служби и производните претпријатија од областа на геотехниката;
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во обласата на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

П. Игор

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 24.2.2023 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА**
**НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на проф. д-р Слободан Мицковски од Каледонски универзитет во Глазгов, Катедра за градежништво и управување со животната средина, Шкотска, Обединето кралство

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:

- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката;
- Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања;
- Грижа за стручно усовршување и обновување на знаењата на членовите.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 24.2.2023 год. го разгледа поднесениот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДГМ**

**ЗА 2022 ГОДИНА**

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2022 год., кои претежно се засновани врз стекнатите традиции во претходните години на делување. Како и тогаш, и сега главна цел е да се задржи континуитетот во исполнување на програмските определби, да се обезбеди доследно вршење на мисијата на Друштвото и да се создадат услови за негов натамошен развој.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Како и претходните години, активностите кои се извршуваа во 2022 год. во најголем дел беа дефинирани на претходната седница на Годишното собрание, од која погоре е изнесен Записникот, но и ограничени поради пандемиските услови во кои делумно се работеше. Во текот на неа, покрај подолу изнесеното, се вршеа консултации во рамките на Извршниот одбор (ИО), на кои се даваше пресек на реализираните работи и се дискутираа тековни случувања, вклучувајќи го и одржувањето на симпозиумот и активностите кои следеа после неговото завршување. Во продолжение се дава хронолошки преглед на активностите за 2022 год.

- Јануари:
  1. Подготовки за Годишно собрание за 2021 година
- Февруари:
  1. Годишно собрание за 2021 година
- Март:
  1. 01.3. – предавање на проф. д-р Милорад Јовановски “Practical Aspects of Numerical Modeling for Rock Masses using Rocscience software” за софтверската куќа ROCSCIENCE
  2. Во период од 23-26.3. се одржа 5$^{th}$ Regional Symposium on Landslides in the Adriatic-Balkan Region ‘Landslide Modelling & Applications’ Rijeka, Croatia, 23-26 March 2022. Симпозиумот се одржува секои две години под директно покровителство на Интернационалниот конзорциум за свлечишта (ICL) – https://icl.iplhq.org/. Трудот “Harmonized approach for mapping the earthquake-induced landslide hazard at the cross-border region between North Macedonia, Greece and Albania” од група автори Julijana Bojadjieva, Vlatko Sheshov, Kemal Edip, Radmila Shalic, Marta

Stojmanovska, Roberta Apostolska, Stavroula Fotopoulou, Dimitris Pitilakis, Neritan Shkodrani, Markel Babaleku, Francesca Bozzoni, Antonella di Meo, кој претставува дел од активностите изработени во рамките на работниот пакет бр. 2 во проектот CRISIS, координиран од ИЗИИС, а финансиран од Европската Унија, програма UCPM – Union civil protection mechanism, беше награден за најдобар труд.

- Април:

1. На 29.4. се одржа 7th International Young Geotechnical Engineers Conference (7iYGEC), Сиднеј, каде ДГМ беше претставувано од м-р Јорданка Чанева, која беше член на тим кој победи на дебата на тема "Geotechnical engineering is in trouble once the old men of the profession pass on. Young geotechnical engineers think site investigation is unnecessary, trust only what their computer programs tell them and cannot recognize when there is a problem".
2. Во периодот 9.4.2022 - 22.4.2022 остварен е студиски престој и научно истражување во рамки на проект GEOLAB, под покровителство на Horizon 2020 Research and Innovation programme. LIWEMAT - deformation characterisation of LIghtWEight foundation MATerials. Место на истражување: Univerza v Mariboru/ Slovenian National Building and Civil Engineering Institute (ZAG). м-р Александра Николовска Атанасовска и м-р Мила Смилјановска. Проект под координација на проф. д-р Јосиф Јосифовски и д-р Станислав Ленард од ZAG.

- Мај:

1. Учество на Council Meeting на ISSMGE во Сиднеј (видеоконференција, 1 Мај 2022). Гласање за претседател и потпретседатели на ISSMGE за мандатен период 2022-2026. Гласање за организатор на Quadrennial international conference (21 ICMSGE) Виена 14-19.6.2026 и Council Meeting – Нур Султан 14-18.8.2023 (воедно и XVII Asian Regional Conference) каде ќе имаме наш претставник. Од страна на известувачот за Европа, истакната е изработката на ДГМ за Time Capsule Project!

- Јуни

1. Интензивни подготовки за Петтиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ).
2. Во периодот 23-25.6.2022 год., во хотелот Метропол во Охрид се реализираше Петтиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ). Истиот беше поддржан од Меѓународното друштво за механика на карпи и инженерство во карпи (ISRM) и се спроведе во форма на Специјализирана конференција на ISRM, а беше поддржан и од Меѓународното друштво за механика на почви и геотехничко инженертство (ISSMGE). Присуствуваа преку 220 гости од 30 земји и беа претставени 94 реферати. Присутни и говорници беа и претседателите на ISRM и ISSMGE.

- Јули-август:

    1. Регулирање на обврски, дописи, финансиски прегледи и комуникација со учесниците на Петтиот симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ). Добиени честитки и пофалби за успешната организација на настанот од претседателите на ISRM и ISSMGE.

- Септември:

    1. Во период 12.9-15.9 во Финска се одржа регионалниот симпозиум EUROCK 2022, Rock and Fracture Mechanics in Rock Engineering and Mining, каде учество со труд и контакти со истакнати раководни лица од ISRM реализираа проф. Милорад Јовановски, м-р Елена Ангелова и м-р Тамара Јовановска.
    2. Во ИЗИИС е одржана двонеделна обука за динамички тестирања на почвени примероци на триаксијален апарат од страна на Одделот за геотехника и специјални конструкции во ИЗИИС кон колеги од Катедрата за геотехника при Градежно-архитектонскиот факултет од Ниш, Србија, во рамките на европскиот проект ElectroSoil.

- Октомври:

    1. 12-13.10.: Членови на ДГМ земаа учество на работилница од друштво на математичари, на тема From theory to Problem solving: Promoting Mathematics in academic studies in North Macedonia. Присутни беа и студенти од ГФ и други технички факултети.
    2. На 13.10. се одржа Изборно собрание на ДГМ, кога едногласно беше поддржан предлогот за изборот на ново раководство на ДГМ во мандатен период 2022-2026 год.: претседател – вонр. проф. д-р Игор Пешевски, потпретседател – д-р Драган Димитриевски, секретар – м-р Наташа Неделковска.
    3. На 16.10 се одржа Состанок на Советот (Council meeting) на ISRM во Асунсион, Парагвај, каде со делегиран глас ДГМ учествуваше во изборот на домаќин на 16$^{th}$ ISRM International Congress on Rock Mechanics во 2027 и на деветтиот носител на престижната Müller Award. ДГМ ги поддржа добитниците: Сеул, Кореа и Дерек Мартин, Канада, соодветно.
    4. Членови на ДГМ зедоа учество на Втората конференција за хидројаловишта организирана од здружението Македонски комитет за големи брани (ЗМКГБ), одржана 21-22.10.2022.
    5. На 21.10., за студентите од студиската програма по геотехничко инженерство, беше организирана посета на браната во изградба Отиња во Штип.

6. Проф. Веи Ву (Wei Wu) од Универзитетот БОКУ во Виена, Австрија, го посети ИЗИИС, каде одржа предавање со наслов Multiscale modelling of landslide and debris flow.
7. Членови на ДГМ земаа учество на вебинар за свлечишта, 18-20.10.2022 Landslide Scientific Assessment conference: Landslide hazard, LandScient.

- Ноември:

1. Во КОАОИ, Одделението за геотехника ја организираше за првпат активноста „Геотехнички денови во Комората“, во рамки на која е одржана еднодневна обука на тема „Стабилизација на косини и контрола на ерозија за одржлива геотехника". Предавачи беа проф. д-р Слободан Б. Мицковски и д-р Алехандро Г. Ољаури од Каледонскиот универзитет во Глазгов, Катедра за градежништво и управување со животната средина, Шкотска, Обединето кралство, и проф. д-р Јосиф Јосифовски, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Градежен факултет – Скопје, Катедра за геотехника, Македонија. Истата се реализираше на 01.11.2022 год., а учество земаа над 60 инженери. Следниот ден, проф. Мицковски одржа предавање и за студентите на Градежниот факултет во Скопје.
2. Одржан е Вториот конгрес за патишта, во организација на Друштво за патишта на Македонија. Членови на ДГМ беа повикани предавачи, водители на сесии, а изложија и неколку научни трудови. Активностите се реализраа на 03.11 и 04.11.
3. На 21.11., ДГМ поднесе апликација до генералниот секретаријат на ISRM за организација на Eurock 2026.
4. Потпретседателот на ISSMGE за Европа, проф. Лалуи, организираше состанок на националните друштва за геотехника. Истиот се одржа на 23.11, во Лозана, Швајцарија, но преку телекомуникациска врска учество земаа актуелниот и претходниот претседател на ДГМ. На делот “SEMINAR ON INNOVATION” присуствуваа и други членови на ДГМ, помеѓу кои и млади.

- Декември:

1. На 01.12. предавање на тема “Continuum or discontinuum, that is the question” одржа д-р Ник Бартон, гостин-професор на Градежниот факултет – Скопје. Беа присутни 133 слушатели: членови на ДГМ, студенти на прв и втор циклус на студии, членови од други стручни друштва од Македонија и регионот и членови на КОАОИ.
2. Со претставници на RocScience се реализираа активности поврзани со организација на курсот “Applied Geomechanical Modeling of Rock Mass Behaviour in light of Infrastructure Projects” што ќе се одржи во Скопје.
3. На 26.12., група студенти на втор циклус на студии при Градежниот факултет во Скопје, под водство на проф. Јосифовски, го посетија

ИЗИИС каде имаа можност да се запознаат со тековни испитувања и истражувачки проекти.

- Континуирано учество во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ; работни групи формирани од КОАОИ за изработка на Тарифник (14 состаноци во рамки на работната група за геотехника); реакредитација на студиска програма по геотехничко инженерство; известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма)...
- Активности поврзани со поставување на Зборникот на трудови од Петтиот симпозиум на платформата OnePetro на ISRM.
- Од периодот на одржување на Симпозиумот на ДГМ, па до средина на ноември, беа одржани повеќе консултативни средби со истакнати членови и раководни лица на ISRM по однос на поднесување на апликација за организирање на Eurock 2026 година во Македонија.
- Снимање на научно-популарни емисии за промоција на геотехниката кај младата популација и промотивни активности за студиската програма по геотехничко инженерство.

## 3. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење на ДГМ се уплатите од спонзорите во вид на котизации и донации, како и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од преостанатите средства од минатата година, Друштвото ги покри следните расходи:

- Трошоци за банкарски провизии и сметководствени услуги
- Административни трошоци (адвокатски услуги)
- Трошоци поврзани со организација на Петтиот симпозиум
- Годишни членарини во меѓународните друштва
- Одржување на домен (mag.net.mk)

Покрај сите овие финансиски трансакции во минатиот период, до моментот на одржување на Собранието на сметката на ДГМ има средства во висина од околу 1 990 000 ден. Состојбата со приходи и расходи е подетално прикажана во прилог на овој Извештај. Може да се заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година, но и за следната во која ќе се организира EYGEC. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано присуство во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, иако свесни и за потешките околности на работа во услови на пандемија и финансиски потешкотии, се апелира за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

## 4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2022 год. Како што можеше да се види, и покрај отежнатите – но нешто поповолни во однос на 2020 и 2021 год. – услови за работа, продолжено е со соработка со сродни друштва и институции, како и со одржување на настани, а посебен акцент е даден на меѓународното присуство. Одржаниот Петти симпозиум на ДГМ доби широко препознавање во геотехничката заедница во Европа и пошироко. Со тоа, се цени дека зад нас е релативно плодна година, која го потврди ДГМ во значаен регионален партнер и сè повеќе препознаен во интернационални рамки. Секако, освен задржување на истите позиции, тоа ги покачува и идните планови и очекувања, за што ќе биде неопходна поддршка од членството, не само од младите, туку и од компаниите, што ќе треба да се преточи во успешно остварување на зацртаните планови за работа. Имајќи го сето ова предвид, изразувам благодарност за пружената поддршка и реализираната работа, која верувам дека ќе остане константа.

Со почит,

Претседател,

П. Игор

Вонр. проф д-р Игор Пешевски

ДГМ MAG ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Годишен финансиски извештај за**
**ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**
**за 2022 година**

| **Ставка** | **Износ [ден.]** |
|---|---:|
| **Приходи остварени во период од 01.01.2022 до 31.12.2022** | **3.587.024** |
| **Расходи остварени во период од 01.01.2022 до 31.12.2022** | **1.596.965** |
| **Разлика на приходите над расходите** | **1.990.059** |
| | |
| **Вкупниот приход е остварен по основ:** | |
| Пренесен приход од минатата година | 1.222.010 |
| Членарини и донации | 81.000 |
| Приходи од спонзорства | 1.535.496 |
| Приходи од котизации | 748.518 |
| **Вкупно** | **3.587.024** |
| | |
| **Расходот е по основ:** | |
| Провизија | 25.775 |
| Канцелариски материјали | 8.860 |
| Членарина во ISRM за 2022 год. | 6.972 |
| Сместување | 621.970 |
| Материјали за Петти симпозиум на ДГМ | 224.470 |
| Печатење на материјали | 139.948 |
| Крстарење-Симпозиум | 100.000 |
| Гала Вечера | 156.314 |
| Туристички такси, превоз, наем на опрема | 68.835 |
| Тековни трошоци за Петти симпозиум на ДГМ | 179.571 |
| Трошоци за репрезентација | 27.925 |
| Одржување на домен (mag.net.mk) | 27.182 |
| Сметководство и правни услуги | 9.143 |
| **Вкупно** | **1.596.965** |

Лице одговорно за составување на финансиски извештај за 2022,

Потпис

Лице одговорно за потпишување на финансиски извештај за 2022,

П. Игор

Потпис

Во Скопје, 31.12.2022 год.

Врз основа на член 16 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на ден 24.2.2023 год. донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДГМ
# ЗА 2023 ГОДИНА

## Член 1

Годишниот план за работа на ДГМ ќе се реализира преку вршење на дејностите дефинирани во Статутот на ДГМ (во натамошниот текст: Статут).

## Член 2

ДГМ ќе ја организира и остварува својата активност во тек на годината континуирано.

## Член 3

ДГМ ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основано во согласност со средства од самофинансирачки активности, членарини, донации и сл.

## Член 4

ДГМ ќе остварува соработка со сите придружни членки, високообразовни и научни установи и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Стопанската комора на Македонија, Инженерската институција на Македонија и Институтот за стандардизација согласно со Статутот и Одлуките на Извршниот одбор (ИО) на ДГМ, врз основа на потпишани меморандуми за соработка.

## Член 5

Дел од планираните активности за 2023 год. се:

(1) ДГМ ќе ги следи состојбите со Законот за градење и Ценовникот за инженерски услуги, и ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите асоцијации, институции и друштва.

(2) Тематско предавање на проф. д-р Милорад Јовановски и вонр. проф. Игор Пешевски во меѓународни рамки како дел од семинар на софтверската куќа ROCSCIENCE, кој ќе се одржи на почеток на март во Скопје.

(3) Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: организирање на настани во рамки на „Геотехнички денови“; одржување на обуки за Еврокод 7 (и негова стручна и административна имплементација); BIM во геотехника и др.

(4) Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.

(5) Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.

(6) ДГМ активно ќе учествува во подготовките и реализацијата на Третата конференција на регионалните друштва за геотехника, Врњачка Бања (1-3 Ноември 2023).

(7) За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.

(8) Заедничко учество во дел од планираните активности за обележување на 60-годишнина од Скопскиот земјотрес во организација на ИЗИИС под мотото „ИЗИИС за Скопје“, како на пр., отворени денови во ИЗИИС, повикани предавања, предавања во општински институции и сл.

(9) Други планирани учества на конференции.

(10) Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.

(11) Подготовки за организирање на Европска конференција за млади геотехничари на која ДГМ ќе биде домаќин во 2024 год. и воспоставување на соодветна веб-страна.

(12) Во рамки на 15-тиот Интернационален Конгрес на ISRM во Салцбург, воедно и 72 колоквиум на Австриското геомеханичко друштво (9-14.10.2023) ќе се претстави апликацијата на ДГМ за домаќин на регионален симпозиум Eurock 2026.

(13) Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари.

(14) Активности за подобрување на интернет-страната на ДГМ.

**Член 7**

ДГМ ќе продолжи со организирање на предавања на истакнати стручњаци од регионот и пошироко (предавање за хидрогеологија со гостин-предавач од Геолошки завод на Словенија, предавање на визитинг професор на ГФ, проф. Ахмет Сагламер – активности предвидени со годишниот план за 2022), тркалезни маси (за примена на Ценовникот на геотехнички услуги и негово подобрување), семинари (Дирекција за заштита и спасување и други државни институции), презентации (на работата на ТК 11 при ИСРСМ), обуки од интерес на членовите на Друштвото, за што редовно ќе ги информира по електронски пат (е-пошта, интернет-страница, билтен и сл.).

ДГМ ќе се заложи и за издавање на универзитетска литература од областа на геотехниката.

**Член 8**

Членовите на ДГМ ќе учествуваат со свои трудови на симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во земјата и странство од кои засега е потврдено учество на: 9$^{та}$ Конференција на Хрватско геотехничко друштво – Сисак, мај; 17$^{th}$ DECGE – Букурешт, јуни; 17$^{th}$ Asian Regional Geotechnical Engineering Conference – Астана, Казахстан, август, заедно со Состанок на Советот на ISSMGE; 20$^{ти}$ симпозиум на ДГКМ – Скопје, септември; 13$^{то}$ Советување за водостопанство и хидротехника – ЗМКГБ, октомври; 28$^{th}$ EYGEC & GEOGAMES – Москва, октомври; Geotehnički aspekti građevinarstva i zemljotresno inženjerstvo и Трета конференција на регионалните друштва за геотехника - Врњачка Бања, ноември итн.), дел од кои се одложени од порано поради пандемијата.

Членовите на ДГМ се охрабруваат да земат учество и во работата на техничките комитети при меѓународните друштва.

**Член 9**

За потребите на Јавното претпријатие за државни патишта, ДГМ ќе продолжи да соработува при формирањето на база на податоци за свлечишта долж инфраструктурни објекти.

ДГМ ќе пружи поддршка и во услови на неповолни појави во природата или општеството кои загрозуваат животи и материјални добра, а кои се во домен на неговата дејност.

**Член 10**

ДГМ ќе врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на ДГМ.

**Член 11**

Средства за реализација на активностите на ДГМ се обезбедуваат врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица;
- вршење високостручни услуги (изработка на проекти, страгегии, студии, ревизии, мислења, експертизи, мислења и сл.) на домашни и странски физички и правни лица;
- партиципација од членарини и уплати од придружните членки;
- приходи од котизации;
- приливи од спонзорства и финансиско-материјални поддршки;
- други извори.

**Член 12**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување на Годишното собрание на ДГМ.

Претседател на ДГМ,

П. Игор

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски